ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

Наш број: 09 -7644/1
03. 08. 2021
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019 и 14/2020), Секретарот на Град Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
за избор на кандидати по интерен оглас

1. За извршители на работното место **Советник за изготвување акти од областа на јавните набавки,** шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за нормативно правни и административни работи од областа на јавните набавки, Сектор за јавни набавки, се избираат кандидатите **Ана Коковијадис и Билјана Аљокова - Коруноска.**
2. Именуваните ќе бидат унапредени на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесат решенија за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 28.07.2021 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.11/2021 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-7457/6 од 03.08.2021 година ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираните кандидати, во којашто за работното место Советник за изготвување акти од областа на јавните набавки, шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за нормативно правни и административни работи од областа на јавните набавки, Сектор за јавни набавки, и предложи на Секретарот на Град Скопје да ги избере кандидатите Ана Коковијадис и Билјана Аљокова - Коруноска.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраните кандидати,
- Сектор за управување со човечки ресурси,
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

**Град Скопје**
**Секретар**

**Викторија Аврамовска Мадиќ**